Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 23/0306
17.02 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 05.02.2026 година, врз основа на примена жалба од **Граѓанското здружение за слободно медиумско изразување Трибуна** од Прилеп го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„*Права на Бугарите или политички манипулации – Софија го менува методот, но не и целта*“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Национално.мк (nacionalno.com.mk) на 03.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 13.01.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „*Права на Бугарите или политички манипулации – Софија го менува методот, но не и целта*", објавен од интернет порталот – онлајн медиум Национално.мк (nacionalno.com.mk) на 03.01.2026 г., при што се жали на говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и мешање на факти и мислења, вест и коментар.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „содржината на текстот  не е точна, односно станува збор за шпекулација", како и тоа дека „насловот на текстот е искористен да поттикне говор на омраза, диксриминација по основ на национална основа врз бугарскиот народ" и дека „не го почитувал ниту го протолкувал Законот за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија".

Во жалбата се додава дека дополнително се врши дискриминација и се наметнува недоверба помеѓу Р. Бугарија и Р.С. Македонија. Имено никој не врши агресија, ниту сака како што вели авторот *македонскиот народ и јазик да одат јабана*...".

Притоа, жалителот напишал дека спротивно на договорот медиумот „објавил текст, т.е. колумна, која изгледа на класична непријателска пропаганда".

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се наведува дека жалбата се смета за неприфатлива од неколку причини. Во одговорот  се потенцира дека станува збор за колумна.

„Во колумната е изразено сопствено видување за актуелниот спор меѓу Македонија и Бугарија и тоа не од било кого, туку од еден од нашите најреномирани познавачи на ова

материја со стотици текстови на оваа тема, амбасадорот Ристо Никовски. Да се одземе правото да се каже став за било кој и за било што е недозволиво во едно демократско општество и нешто на што не може да се претендира“.

Понатаму, меѓу другото, се додава: „Наводите на „Трибуна“ во однос на Договорот со Бугарија покажуваат нивно елементарно непознавање на природата на меѓународните договори. Во жалбата му даваат на договорот карактер на „Библија“..., а „да му се даде на овој договор, и воопшто на кој било меѓународен договор, вечен карактер и да се забрани изразување на став и мислење, е нешто недозволиво во контекст на уставно гарантираната слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавно изразување на мислата, говорот и јавниот настап, како и во контекст на општита начела и правила во ова област прифатени од цивилизраните народи“...

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „*Права на Бугарите или политички манипулации – Софија го менува методот, но не и целта*“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Национално.мк (nacionalno.com.mk) на 03.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е колумна која се однесува на прашањето на односите помеѓу Македонија и Бугарија и за реципроцитетот како принцип во дипломатијата, врз основа на кој треба да се бара почитување и на правата на Македонците во Бугарија, што значи тема од јавен интерес.

Комисијата, исто така, констатираше дека текстот е објавен во рубриката Колумни. Ваквото означување на рубриката јасно покажува дека во објавениот текст е изнесено лично мислење, преку анализирање на проблематиката за која пишува авторот. И ова не се однесува само на новинарите туку и на други лица за кои медиумот смета дека може да придонесат во јавната расправа за одреден проблем за кој е утврдено дека е од јавен интерес, со цел да се поттикне и збогати јавната дебата во општеството.

Исклучок од ова правило од етички аспект може да има само кога станува збор за говор кој содржи елементи на ширење омраза кон поединци или групи, но во дадениот случај е утврдено дека иако реториката во текстот може да се смета за остра, не е премината границата во смисла дека употребените искази шират нетолеранција, дискриминација или омраза кон цел еден народ или група. Со други зборови, врз основа на опсежна анализа на темата, авторот на текстот изнесува свое мислење за теми од областа на надворешната политика, меѓународните односи и билатералните прашања на земјава. Правото на

слобода на мислата и на изразувањето став преку медиумите е негово основно демократско и уставно право.

Од тука, Комисијата смета дека не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев .

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595